# ЗНМ за претставката на Василевска: МКД.мк и СДК.мк го прекршија Кодексот на ЗНМ

27/08/2020 - 13:48 245

Од: **А1он**

SHARE

ЗНМ преку соопштение се изјасни по претставката на новинарката Ана Василевска за текстови објавени кон крајот на јули 2020 година во порталите МКД.МК и СДК.МК во врска со Агенцијата за филм и одлуката на Антикорупциската комисија да постапува во рамките на нејзините надлежности.

Василевска реагира на спомнувањето на нејзиното име во тие текстови без да биде контактирана како втора страна и без да се објави демант, со што смета дека е нанесена штета на нејзиниот професионален углед.

„Имено, во посочените текстови, за Василевска стои дека има конфликт на интереси како член на Советот на Агенцијата за филм и рецензент истовремено. Со претставките е приложен и Извештај од инспекцискиот надзор кој ги негира наводите за постоење конфликт на интереси.

Врз основа на приложените докази Советот на честа е на став дека има прекршување на Кодексот на ЗНМ во членовите 1 и 3 со кои се наложува проверка на информацијата и настојување на новинарот за објавување деманти.

1. Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

3. Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка,

побарале став и од Василевска, чие име се спомнува во текстовите. Советот на честа им препорачува на колегите новинари, без оглед дали се членови на ЗНМ или не, во своите написи, особено кога станува збор за конфликт на интереси или за информации врзани за финансии, да користат прецизни термини, бидејќи во конкретниов случај не станува збор за конфликт на интереси, туку за преклопување, или во краен случај неспојливост на ангажмани на субјект од облигациониот договор“, се наведува во соопштението на ЗНМ.

Советот на честа на ЗНМ и препорачува на Ана Василевска да испрати личен демант до посочените портали, бидејќи Кодексот ја предвидува оваа обврска за медиумите.

## БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА

**Реакција на новинарските здруженија: Не ни треба реприза со платените јавни**

**Новинарите реагираат на најавите за владини реклами во медиумите:**

**Новинарските здруженија бараат Економија да ги поништи тендерите за**

**ЗНМ: Важноста на независното и професионалното новинарство стана поважна од кога било**

**Европската Федерација на Новинари го поддржа ЗНМ: Да се преиспита одлуката на судот за 27-ми април**

**ЗНМ доби поддршка од Европската федерација на новинари околу судските пресуди за „27 април“**

Новата Toyota C-HR 2021...


ENTER

FACEBOOK LIKE
TWITTER FOLLOW
INSTAGRAM FOLLOW
YOUTUBE SUBSCRIBE

## НАЈЧИТАНИ



**Уапсен 23-годишен масер што се претставувал како хирург и унаказил жени со пластични операции**

24/05/2021 - 15:39




**Џамбаски нервозен кај Русите на Твитер: Македонците ги создаде Москва, а Кирил и Методиј се Бугари**

24/05/2021 - 23:42



## Тешка сообраќајна несреќа во Охрид, автомобил заврши превртен на кров

24/05/2021 - 18:48




## Глупав сум, ама не до толку да шмркам кокаин пред камери, вели италијанскиот пејач

24/05/2021 - 18:16



## 18 починати и седум нови случаи на Ковид-19

24/05/2021 - 13:30






@2019 - A1on. Сите права задржани.
Member of Clip Media Group